## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,22 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги влезат во салата и да ги завземат своите места, наскоро ќе започнеме со седницата.

Продолжуваме со работа по Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ванчо Коцев, Владанка Авировиќ, Ружа Ѓорѓевска, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Весна Бендевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата, затоа што продолжуваме со работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Констатирам дека на седницата присуствуваат поголем број пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На точката 7 сме - **Предлог за донесување на закон за банките, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 7 став 1 за додавање нова точка 23 по точката 22, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, од кои за гласале 12, воздржани нема и против 45.

Молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 за додавање нова точка 23 по точката 22, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 за додавање нова реченица, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 за бришење на точка 3, поднесен од пратениците Слободан Најдовски и Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Согласно со претседателскиот принцип 3 основен критериум 8 и Владата мора да има механизам за санкционирање на членовите. Се работи за надзорниот одбор на банките. Предвидено е дека членовите на надзорниот одбор имаат и посебни одговорности, а една од одговорностите е да формира посебен ревизорски орган во банката така да од овој аспект овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Според кажувањата на заменик министерот ако не беше лапсус рече дека Владата треба да има механизам за контрола, а членот не се однесува Владата да има механизам, туку напротив тоа спаѓа во надлежност на гувернерот односно не Владата, туку гувернерот го има механизмот за контрола при избор на членовите на надзорниот одбор.

Сметам дека овој амандман треба да биде прифатен од следното.

Бидејќи во член 57 на законот помеѓу останатите согласности кои што банката треба да ги добие од гувернерот е наведено дека треба да даде согласност за именување на членовите на надзорниот одбор.

Од друга страна во законот точно и детално е утврдена процедурата за назначување на лица со посебни права и одговорности и својство на акционерско квалификувано учество, па така сметам дека нема потреба и во овој член толку круто законско решение кое предвидува согласност од страна на гувернерот за членовите на надзорниот одбор.

Од друга страна надзорниот одбор ги избира членовите на управниот одбор согласно член 89 од овој закон а членовите на управниот одбор подлежат на посебна процедура за согласност од страна на гувернерот и сметам дека ваквото

решение само ги усложнува процедурите при одредувањето на органите на банките.

Од тие причини сметам дека амандманот би требало да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор заменикот министер за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Јас се извинувам, лапсус беше тоа, не е Владата туку Народната банка, согласност дава гувернерот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, од кои за 14, воздржани 1 и против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 за бришење на точка 3 и на став 3, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Со истото образложение од претходниот амандман не се прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Ми се чини дека ќе беше многу подобро доколку овој амандман беше прифатен од страна на предлагачот од повеќе причини.

Имено, поголемиот дел на пратеници кои што дискутираа за овој закон јасно е дека сите оние кои што го виделе законот можат да констатираат дека имаме тенденција на зголемување на процесот на администрирање по банките односно зголемување на бројноста на органите од Собрание до надзорен одбор, Одборот за управување со ризици, Управниот одбор, Одборот за ревизија, за внатрешна ревизија и тн. и мислам дека во поглед на составот на органите забележлива е тенденција на зголемување на позицијата кои треба да се потполнат со одреден број на членови.

Имено го предлагаме овој амандман од едноставна причина што може да доведе до сериозна забуна кај поголем дел на луѓе кои што сакаат да го протолкуваат внимателно овој член бидејќи ингеренциите на гувернерот гледаме дека се премногу големи и допрва сите оние кои што ја следат оваа дејност во Репулика Македонија ќе сфатат можеби зошто е тоа токму така направено.

Значи амандманот едноставно така се предлага заради тоа што во Предлогот на законот детално се пропишани ограничувања за назначување на членови на надзорен одбор од страна на Собранието на банката, на акционерите со претѕодно прибавена согласност од Гувернерот, меѓутоа може да се предизвикаат проблеми од практична гледна точка заради тоа што доколку согласноста биде прибавена пред одржување на седницата, а некој член од управниот одбор цени дека определен член треба да биде заменет со друг, тогаш повторно гувернерот треба да се изјаснува и тн.

Од тие причини едноставно кажано многу е подобро надзорниот одбор да ги назначува членовите на управните одбори со претходна согласност на гувернерот на Народната банка на Република Македонија со што се обезбедува дополнителан контрола врз работењето на органите на банката. Така да навистина несфатливо е зошто вака добро, добар и практичен амандман не се прифаќа од страна на предлагачот.

Го замолувам ако е можно уште еднаш да го разгледа и да биде прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Сосема накусо да го дополнам мојот колега неповторувајќи се.

Мислам дека станува збор за сосема практична потреба да ако се земе од една страна тенденцијата за екстремно зголемување на позициите на гувернерот на Народната банка во работењето на комерцијалните банки, но од друга страна сепак да се задржи еден систем на контрола и баланс дека тоа е доволно добро да се направи само преку давање на согласност за членови на управен одбор. Нема причина тоа да се прави и за членови на надзорен одбор, бидејќи на крајот на краиштата управувањето со банката го води управниот одбор и за нив е сосема логично, како и досега, тук анема некоја измена да се прибавува согласност од страна на на гувернерот на Народна банка.

Од причина да не се воведат банките во еден циклус на повторување на изборот, во една хипотетичка ситуација на пример тие да побараат согласност за членови на надзорен одбор, кои што можеби нема да бидат избрани, или обратно да бидат избрани членови кои што немаат согласност од страна на гувернерот на Народна банка, сметаме дека концентрацијата или фокусот на Народната банка, а со тоа и на гувернерот треба како и до сега да биде во делот на управниот одбор, а не тоа да се прави парталално и на надзорниот и на управниот одбор. Овој амандман апсолутно има сосема практична природа и мислам дека од таа причина треба да биде прифатен во овој случај од страна на пратениците на владеачкото мнозинство, бидејќи Владата се изјасни дека не го прифаќа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за гласале 14, воздржани нема и против гласале 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 62, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претствникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Одредбата е преземена од постониот Закон за банки и е во согласност со член 20 од Директивата 48 на Европската унија од 2006 година.

Со ова се бара само известување за намерата, а не да се задира подлабоко во правата на акционерите да го намалат својот удел, така да амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван заменик министер ценам дека без разлика дали се работи само за намера, примената на овој член вака како што е дадено наложува дека високо чувствителни информации постои сериозен ризик да бидат злоупотребени од страна на Народната банка на Република Македонија особено ако знаеме дека понекогаш гувернерите можат да бидат, како што определен број на пратеници и кажаа во своите дискусии и партиски војници. Ценам дека овој амандман мора да биде, едноставно кажано прифатен заради тоа што навистина станува нелогично акционер со квалификувано учество во банката, кој што има намера да го намали своето учество однапред треба месец дена да го пријави својот дел дека е го продаде, оттуѓи, или незнам што да направи. Јасно е дека доколку се извести Народната банка на Република Македонија за намалувањето најмалку еден месец пред да се реализира тоа дека може да дојде до сериозна злоупотреба.

Имено, членот 62 во ставот 1 кој што вели “акционер со квалификувано учество во банка кој има намера да го намали учеството директно или индиректно на начин што со тоа учествува во вкупниот број на акции, или вкупниот број на издадени акции со право на глас во банката ќе се намали под 5, 10,20, 33 или 50% е должно најмалку еден месец пред да се реализира намалувањето да ја извести Народната банка на Република Македонија”.

Доколку се земе дека вкупниот број на акции, вкупниот број на издадени акции со право на глас во банката има намера некој да ги продаде и нормално и логично ако некој тоа го знае однапред месец дена, тоа значи дека може навистина секој и да го злоупотреби тоа. Неприкосновено право е на крајот на краиштата, или правото загарантирано со Устав дека не може да се бара тоа од било кој граанин на Република Македонија особено од еден акционер кој што однапред мора да ги открие своите намери онака како што е уреден овој член.

Затоа мислам почитуван заменик министер дека би било згодно да биде прифатен овој амандман кој што е поднесен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Значи, имајќи го во предвид сето она што го кажа и колегата Ќуркчиев, сметаме дека посебно во Република Македонија каде што и банкарскиот сектор, но воопшто и генерално финансискиот сектор е сеуште кршлив и подложен на злоупотреби и манипулации, сметаме дека со бришењето на овој член ќе се оневозможи и ќе се отстрани обврската на комерцијалните банки, односно на акционерите во нив да го пријавуваат чинот на трансакција или чинот на продажба или намалување на својот удел и тн., без разлика дали тоа ќе биде месец, две недели, три месеци и тн., со овој предлог без разлика што тоа било веќе дел од претходниот Закон, не треба да претставува обврска дека ако веќе претставува дел, ние ќе мора по инерција да го запазиме овој член. Неколку случаи во оваа насока покажуваат дека ценовно чувствителната информација може да предизвика сериозни импликации.

Најбитната работа и најскапата работа денес во светот е токму информацијата. Ако некој акционер во една комерцијална банка го извести гувернерот односно Народната банка дека планира да го направи намалувањето и продажбата на своите акции на тој и тој начин и во тој и тој износ, па дури ако сакаме да ја сведеме работата до апсурд читајќи ја точката 4 од ставот 1, каде што вели дека треба да го каже идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акции, доколку му е познат, со мала заграда, се доведуваме во ситуација дека ние на овој начин го елиминираме пазарот. На крајот на краиштата, цената се формира на пазар врз база на понудата и побарувачката, врз база на количината која што се сака да се продаде и врз база на количината што се сака да се купи и притоа апсолутно во оваа ситуација е апсурдно дури и да го кажеме идентитетот, да се соопшти идентитетот на купувачот. Што ќе доведе тоа? Ќе може да се доведе дека во еден центар, без разлика кој ќе располага со тие информации, ќе се слеат пазарните информации кои ќе треба на некого да му дадат информации од прва рака во делот на намерата, во делот на количината, во

делот на цената, па дури ако сакате и во делот на идентитетот на оној кој што треба да претставува купувач. Апсолутно тоа не е потребно и ако постои опасност, наводна, дека доколку го нема ова ќе може да настане злоупотреба или потрес во некои комерцијални банки, но постојат други членови на овој закон, но и на други закони, кои регулираат на кој начин, со која методологија и процедура се продаваат акциите, во овој случај на комерцијалните банки, или пак се оттуѓуваат. Затоа, мислам дека ако постои желба да се задржи нешто што било претходно, тоа не е во ред, бидејќи носиме нов закон од проста причина што сметаме дека некои членови од претходниот несоодветствуваат на реалноста и на потребите на банкарско финансискиот сектор. Од друга страна, на овој начин се еллиминира можноста за манипулација или злоупотреба од било кого, кој што доколку се случи, многу е тешко да се утврди. Сите измени во делот на работењето на македонската берза одат токму во насока и на претставување во јавноста на информации од работењето на субјектите кои котираат, но од друга страна секој акционер има право на заштита на својата сопственост, право на заштита на својата одлука, кога, на кого и на кој начин ќе го продаде својот дел или ќе ја продаде својата сопственост. Да не се потсетуваме на она рашомонијада што во континуитет ни се случува со Македонска банка. Ако сакаме на вестите на телевизиите да ги слушаме намерите на инвеститорите или од друга страна да ги слушаме информациите, секогаш “неофицијални”, добиени од страна на банките или од страна на Министерството за финансии или од страна на Народната банка, тогаш апсолутно треба прифаќајќи го овој амандман, да овозможиме реално да функционира пазарот, а него да го заштитуваме со останатите механизми кои што се на располагање и во овој закон, но и во други закони.

Од таа причина, за мене е неприфатливо и нелогично, доколку јас сум инвеститор или акционер во една комерцијална банка, за мојата намера да известувам некого најмалку еден месец пред да го направам тоа. Што ќе се случи доколку се откажам во последниот ден? Кој ќе биде одговорен за падот или за растот во различни ситуации на акциите, односно на мојата сопственост. Ако некој тоа го злоупотреби во шпекулативни и манипулативни цели, кој ќе биде одговорен за тоа? Тој што известил, тој што ја дал информацијата, тој што се откажал на крајот на краиштата.

Затоа, административното уредување на овој начин во сфера која е исклучиво пазарна и која е иманентна на големите и стабилни пазари треба да стане и еволутивно дел и на македонскиот пазар, во овој случај во делот на работењето на комерцијалните банки, во делот на македонската берза и сето она кое што само по себе го повлекува.

Оттаму, мислам дека треба да се преиспита Министерството за финансии и да даде можност со прифаќањето на овој амандман да се решат многу дилеми, многу хипотетички претпоставени ситуации што може да се случат, а за жал, гледајќи го скорото минато во Македонија, и да се елиминираат некои лоши ситуации кои што сме ги имале во делот токму на оваа ситуација, како од аспект на комерцијалните банки, така и од аспект на македонската берза. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам, бидејќи имам многу сличен став со претходниот дискутант, сепак да бидам различен, да не ги повторувам тезите, меѓутоа, морам да апелирам дека овде треба сепак да преовлада здравата економска логика, не зависно кој од која политичка опција го предлага амандманот. Ова од причина што сето она што беше претходно кажано, за волја на вистината, е токму така, и тука едноставно не може да се политизира бидејќи вака како што е предложен членот апелирам дека ќе биде многу штетен, бидејќи третира ценовно чувствителни инфорамции, кои и физички е невозможно оној кој е сопственик на акции и има намера да ги оттуѓи, дека точно тоа ќе го направи најмалку еден месец во најава, затоа што никој не знае после еден месец дали тој што го најавил тоа ќе има економски резон и исплатливост да ги продаде акциите или не, и логично се поставува прашањето кој ќе биде потоа одговорен, дали носителот на законот, дали сопственикот на акциите кој најавил а не ги продал, или можеби централната банка, а можеби и некое четврто лице.

Јас не знам дали тоа е во коресподенција со европските норми и закони, меѓутоа, не треба буквално секогаш, ама буквално секогаш слепо да гледаме дали нешто е применливо во Европа и дека мора да значи дека е применливо и во Македонија. Тука може да има многу причини зошто овој закон можеби е применлив таму, иако и тоа не ми е логично, но јас сепак апелирам да се прифати амандманот кој што е предложен од предлагачите и навистина членот 62 да се избрише, бидејќи ви гарантирам дека ќе донесе до многу сериозни проблеми и дека прво што ќе се случи во првата имплементација на вака донесениот амандман, ќе дојде до рапиден пад на капиталот на било која банка, каде што ќе се случи некој сопственик со толкаво учество во капиталот да најави продавање на своите акции. Ова го зборувам од аспект дека сите засегнати страни чесно би си ја одиграле својата улога. Претпоставувам дека тој што најавува акции, најавува од економска логика дека ќе ги продаде и претпоставувам дека гувернерот нема да ја злоупотреби таа информација, но да не зборувам доколку гувернерот во дадениот случај - сега зборувам за институцијата гувернер, не за гувернерот кој што е во моментот, бидејќи законот

не се донесува ниту за Петар Гошев ниту за идниот гувернер, туку за институцијата гувернер, институцијата Централна банка, институцијата берза - јас ве уверувам дека од готово правиме вересија и дека ништо друго во Парламентот нема да преостане како механизам на контрола на гувернерот, освен да се молиме на неговата чесност и совесност и да се молиме дека некој нема да го стави под искушение, таквата ценовно чувствителна инфорамција после 30 дена да биде злоупотребена и на свесно спуштени вредности на акциите некој со договор и дослух со гувернерот да влезе во банката на девалвирана вредност на капиталот на истата.

Оттука, не гледам никаква логика и објаснувањето дека тоа е во коресподенција со законите што важат во ЕУ, сепак не е доволно образложение, особено што предлагачот на законот до крај не се држи принципиелно, како што кажав пред некој ден во општата расправа, до тоа бидејќи јасно укажав и пред некој ден и сега ќе кажам, во Европската унија ретроактивно не важат имплементирањата на ваквите закони, додека лично од предлагачот слушнавме дека овој закон треба да важи ретроактивно, што е уште поголемо поле за евентуална манипулација со вредноста на капиталот на банките, а особено со евентуалното преземање на сопственоста при таквата најава на купопродажба.

Апелирам, не тргнувајќи од политичката ами од економската логика, овој член да се избрише и да се прифати предложениот амандман. Конечно треба да сфатиме дека политиката треба да биде во функција на економијата, а не како што до сега беше случај економијата да биде во функција на политиката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Љубисав Иванов - Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Господине претседателе, ви благодарам што ми дадовте збор.

Слушајќи ги расправите тука во Парламентот и поднесените амандмани, конкретно дадетниот амандман, имам чувство и длабоко сум убеден во тоа дека овој закон треба да го брани Народната банка. Од законот јасно се гледа, а и моите информации се 100% точни дека практично е работен во таа банка. Работејќи тие на тој закон, практично си обезбедиле апсолутистичка власт. За тоа зборував, не сакам да повторувам, меѓутоа, веднаш ме потсетува на она време од почетокот на 90-тите години, кога ние и Словенија стартувавме во исто време, излеговме од ист систем, од оној кој што беше пред 90-тите години, избравме ист модел за натамошниот наш развој, при што усвоивме дека ќе градиме неолиберално општество, општество во кое ќе имаме пазарни законитости, општество во кое ќе имаме слободен пазар, слободно движење на работа, идеи, демократија, слобода, права на граѓани. Општество во кое ќе создадеме основни услови за силен развој на општеството во сите правци, каде основна база треба да биде економијата. И така ние заеднички се определивме дека сакаме да одиме во Европа, да се здружиме со европските земји, да влеземе во ЕУ, а по можност и во НАТО. За жал, словенците кои ги концентрираа своите сили, најумни, најспособни, најкреативни во централната банка на Словенија, предлагаа и носеа закони кои беа во духот на определбата на словенечката држава и општество, но за тоа и отидоа страотно напред. Денес Словенија се приближи по национален доход на најразвиените земји во Европа, урамнотежен увоз и извоз, решени прашања во доменот на вработување, усвојување на новите технологии, конкурентност, производност силно развиена во Словенија и Словенија одеше напред, што на сите ни е познато.

Ние непрекинато зборувавме за демократија, за слободи, за права на граѓаните и луѓето итн., зборувавме само што не сме влегле во Европа, утре други ден тоа ќе го направиме иво другите институции, европски, светски итн., а непрекинато носевме закони кои не враќаа некаде на средината на 20-от век. Наместо да зборуваме за либерализација на односи, за демократизација, за децентрализација, ние практично непрекинато работевме обратно. Работејќи така обратно, дојдовме на дното. Решивме да направиме пресвртница во таа работа, практично да почнеме практични прашања да решаваме. Имаме институции кои ќе ги реформираме, а ние практично не ги реформираме, туку ги враќаме на позициите кои ги имаме пред 40-50-60 години. Што е ова, што се случува сега кај нас?

Јас ќе ве потсетам, во претходниот парламентарен систем кога Минситерството за економија носеше закон кој практично не обезбедуваше економски развој на Македонија, позицијата и опозицијата бе едногласни законот да се одбие и врати. Ме чуди зошто тоа сега не го согледаме, закон кој што пактично не произлегува од Минситерството за финансии, туку од Централната банка и закон кој практично не враќа назад, со кој и Централната банка го губи својот атрибут како институција која треба да биде основно место каде ќе се креира кредитната и монетарната политика на макро и микро план, каде ќе биде носител на еден силен развој, како што е тоа во Германија, како што е тоа во Франција, како што е во Англија итн. Да ве потсетам, 2004 година Шредер наредил буквално на Централната банка златните дефизни резерви во најголем дел да ги продаде и да се ангажираат средства во развој на знаењето, во освојувањето на новите технологии. После тоа, тоа го направи Франција, па го направи Британија која посебен акцент стави на молекуларната биологија, генетската биологија итн.

Значи централните банки на секаде во светот се ставени во функција на стваралаштво, на

креативност и се место и центри на големи знаења, од каде произлегуваат и најсилните кадри. Ние со сета сила настојуваме на Централната банка да и дадеме џандарски атрибут, значи уништување, спречување, реваншизам. Тоа го имаме, за тоа ќе зборувам посебно по тоа прашање. Ние наместо да воведеме либерализација, ние воведуваме централизација. Тоа не може да биде својствено ни за едно друштво, ни за едно општество и ние тука мораме да размислуваме со своите глави, со чувство на голема одговорност. Ние не смееме да поддржуваме вакви решенија. Без оглед што овој амандман произлегува од опозицијата, тој амандман практично настојува да спречи една концентрација на власт и решение, кои може да имаат крупни последици по банкарскиот систем во Република Македонија, по правата и слободите на граѓаните, што практично се сукобува со Уставот на државата. Замислете ви дека ние со овој закон и со овој член практично ја анулираме берзата и правилата од берзата, практично овозможуваме некој да се игра со судбината на банкарскиот систем, со судбината на луѓето и граѓаните. Кој е тој што ќе биде веќе акционер и ќе купува акции во банки? Мислам дека треба да проработи совеста, дека треба да се освестиме дека ние практично не ја извлекуваме земјата од ова дно, туку со вакви решенија кои доаѓаат од местата каде што се сака да се обезбеди голема влст, а тие пак не се свесни колку имаат поголема концентрација на власт, имаат и поголема одговорност и поголеми судири во општеството итн.

Според мене Министерството за финансии требаше да размисли да го повлече овој закон кој практично не е негов, а ние треба да ги усвоиме ваквите амандмани, ако можеме да го поправиме овој закон. Јас навистина сакам да укажам дека ние вака однесувајки се, практично ја доведуваме државата во исклучително тешки состојби, не само во однос на ово јзакон туку и на другите кои ќе следат и кои ќе ги носат тие за кои истите се однесуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници.

Јас сакам да го поддржам овој амандман и мислам дека аргументите на колегите држат.

Банкарството е еден од столбовите на економскиот систем во секоја земја и е многу деликатен и чувствителен на одредени интервенции, било тие да доаѓаат од позиција на Влада илиод позиција на гувернер. Така што, навистина, со големите овластувања кои се даваат со овој закон, прашање е дали ние ќе добиеме еден стабилен банкарски систем јасен и моќен, кој може да се спротивстави на разни ветришта, или ќе го направиме по слаб.

Давам поддршка на овој амандман и би ги молела и колегите пратеници да размислат околу тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Гласањето е валидно.

Гласале 54 пратеници, за гласале 18, воздржан 1, против 35.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 62, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Отворма претрес по амандманот на член 62 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Слaободан Најдовски и Роза Топуцова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Петрески:** Со истото образолжение како претходниот акмандман, овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Овој амандман е сличен со амандманот од колегите Ивановски и Ќуркчиев за кој претходно се дискутираше, но се разликува во едно, а тоа е што колегите рпатеници предлагаа целосно бришење на член 62, а јас предлагам само првиот став да се избрише, околу намерата за учеството во бројот на акции со право на гласа, додека вториот став предлагам да остане, каде акционерите се должни само да ја известат банката за склучени договори со кои се здружуваат правата на глас од акциите во банката, во рок од 5 дена на склучување на договорот, што тој втор став не е проблематичен. Но, јас сакам да укажам на едно суштинско прашање, покрај ова што досега колегите го дискутираа.

Господинот Љубисав Иванов кој излезе тука, сакаше да каже дека Народната банка го правела законот и таа е одговорна за овој закон.

Пред нас одговорни за овој закон се само Владата, министерот за финансии и премиерот. Тие се предлагачи на законот. Оваа политика што е дадена во законот е политика на премиерот и на министерот за финансии. Доколку тие не ја прифаќале оваа политика и ваквите решенија, немаШе да ни предложат ваков закон во Собранието на Република Македонија. Затоа да не ја лоцираме одговорноста на други места, туку да ја бараме таму каде што е и да зборуваме дека ваков став во член 62 и ваква политика за контрола на акционерскиот капитал во банките е

став на премиерот и на минситерот за финансии односно продолжение на изјавата на премиерот што одредени колеги кои ја поддржуваат Владата знаат да реагираат на други институции кога ќе се вмешаат во работата на берзата, но ни еден не слушнав да реагира зошто премиерот излезе и на ист начин, како Комисијата за хартии од вредност, ги повика граѓаните да не учествуваат во купопродажбата на акции на берзата. Значи, да расчистиме по однос на првото прашање.

Стопирање на берзата по однос на купопродажбата на акциите од банките кои имаат таканречено квалификувано учество, е став на премиерот и на министерот за финансии .

Зошто сметам дека треба да се измени првиот став односно да се избрише на член 62?

Покрај овие образложенија што ги дадоа колегите во претходната расправа по претходниот амандман, би надополнил уште со едно. Имено и самата Влада во предлогот на закон што ни го дава, ќе видите дека на крајот на краиштата тоа го ставиле можеби ипроформа. Видете ги казните кои следуваат, ако не го известат гувернерот. За физички лица казните се од 3 до 6 илјади евра, во член 190, а за правни лица од 10 до 15 илјади евра. Сега ставете една логичка ситуација, затоа што се бара од 5%, 10% па нагоре да се известат. Некој што има вредност на капитал во некоја банка 10 милиони, нема да го извести гувернерот. Тој при една продажба на акциите, наједноставно да кажеме, од 10 милиони, за вредност на акциите над 5% не го извести, при една најмала трансакција биимал заработувачка со 10% да речеме, 50 илјади евра. Ќе плати 3 илјади евра казна. Што е тогаш смислата на овој член, освен ако не е она што е најстрашното во овој момент, а тоа е некој да ја поседува ценовно чувствителната информација при продажбата на акциите од одреден имател на тие акции. Тоа покажува дека Владата како предлагач на овој закон, можеби ова е само прва фаза, можеби следната фаза ќе следи, од страна на Владата, напад на гувернерот со поставување на свои личности, до сега ако можеа сигурно ќе го оствареа тоа. Значи нивната цел е Владата да има целосна контрола над имателите на акции во банките, а тоа е диреkно влегување во пазарот на капитал каде треба да има потполна слобода на имателот односно сопственикот на акции да расплага со своите акции.

Видете ја последната точка од член 62. Покрај тоа што ќе го извести гувернерот за својата намера да ги продавба акциите, вели - да го утврди односно да го извести и за идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акции во банката, до колку му е познат. Значи најчудна формулација што може да биде, па ќе ги извади на берза акциите да ги продава. Значи освен ако се има договорено со некого. Ако се има договорено тогаш нема да ги вади на берза, а на берза ќе подигне друга цена затоа што тогаш зошто да спречите други заинтересирани за купување на акции, да можат да ги купуваат акциите односно да ја кренат цената на акциите. Сметам дека ваквото решение е исклучително лошо решение дадено во законот. Единствено е образложението што овде и заменик министерот за финансии го даде, а и министерот за финансии го даде на Комисијата за финансирање и буџет дека е во согласност со една од директивите на Европската унија, апсолутно никакво друго образложение немаат, мислам дека не држи и би било добро овој амандман да се изгласа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам.

Најпрвин сакам да им се извинам на колегите штопо втор пат се јавувам за сличен амандман, меѓутоа сакам со тоа да укажам на сериозноста, а особено што не добиваме образложение од страна на заменик министерот, штопредлагачот на законот со овој амандман очекува да се постигне како позитивен ефект и како подобрување по однос на досегашното работење, бидејќи јасно е дека сите аргументи кои беа искажани за економски логични и дека е јасно дека ќе се донесе штета. Не сакам да употребувам тешки предвидувања, меѓутоа со ова на некој начин се врши легализиран упад на ценовно чувствителни инфорамции на капиталот на банките во Република Македонија каде ќе може многу лесно и легално да се манипулира по желба, со вредноста на акциите на оние кои имаат акции во одредени комерцијални банки во Република Македонија. Верувам ќе се согласите и поради проблематиката што се опфаќа, а тоа е банкарскиот систем, не се засегнати само сопствениците на акциите на банките, туку и сите оние кои се комитентни на било која комерцијална банка во Република Македонија. Затоа барам поконкретно образложение, освен образложението дека, еве тоа е во согласност со законите од Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик минситер за финансии.

**Предраг Петровски:** Благодарам.

Јас уште еднаш би повторил дека ова не е нешто ново што се воведува со овој закон. Тоа е постојна одредба и со постојниот Закон. До сега немаше никакви проблеми со функционирањето на законот. Имаше странска банка која влезе во една наша банка и беше испочитуван законот. Значи, инфорамција за намерата дека дел од акциите ќе се оутѓат, била испратена до гувернерот, а гувернерот тоа го чува како службена тајна, не може гувернерот на Народна банка на Република Македонија што само тој е информиран за оваа работа, тоа транспарентно да го објави во јавноста, или да го стави на веб сајт, или да ги запозне медиумите. Значи гувернерот не смее да го направи тоа. Тоа функционираше и до ден денес. Истата таа

одредба што на време сме ја внеле и усогласена со директивата на Европската унија, сега некои пратеници оценија дека се враќаме чекор наназад, ако тоа остане во законот. Ако тоа го избришеме од законот, тогаш се враќаме чекор наназад и се оддалечуваме од банкарската дирктеива на Европската унија. Така што мислам дека барем за овој член ништо драстично нема да се промени, конкретно во банкарскито сектор, затоа што и до сега постоеше обврската само за информирање. Тоа не значи дека се задира во правото на акционерите да ги оутѓуваат своите акции, или да ги продадат на некое лице на кое тие сакаат. Тоа би била накратко. Друго образложение нема.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе,

Дозволете и ја систо како колегата Витанов да се извинам што дефакто 99% амандмани дискутираме по дава пати, но не можам да се согласм со леснотијата со која владеачкото мнозинство, пред се ВМРО-ДПМНЕ, од каде доаѓа министерот за финансии го игнорира овој амандман и оваа дебата, не барем правиме разговори и носиме закон за пиљари во Република Македонија. Станува збор за повреда на крупни работи кои можат да се вратат на многу лош начин во пракса.

Прво, во Уставот е загарантирано правото на сопственост. Кога е загарантирано правото на сопственост, тоа ги повлекува личните одлуки поврзани со таа сопственост од страна на акционерите, а не и на инволвирање на други субјекти, вклучително и институцијата гувернер на Народна банка, вклучително и неофицијално, на голем број н алуѓе. Ние сме држава од 2 милијони народ. Работите што треба да се држат во тајна излегуваат во весниците. Имаме обратна ситуација, за работите што треба да се јавни се декларираат како тајна. Токму во тој контекст, ако говориме за право на сопственост, за право на намена, за право на пазар кој е слободен, исто така со Уставот, не може да дозволиме некој да информира некого за својата намера и ако сакаме да ја сведеме работата до апсурд, да го информира и за конечниот купувач и за цената и за количината, во рок од месец дена.

Примерот што го даде колегата Најдовски дека за некого ќе биде поисплатливо да ја плати казната од 10 илјади евра, а да заработи 1 милијон евра, говори дека од старт се дозволени манипулации. Од старт е прешироко просторот за злоупотреба на оваа работа, практична и конкретна, да не говориме за ситуациите кои произлегуваат како дирекно кршење на некои одредби од Уставот на Република Македонија, на пазарната економија и слободното функционирање на пазарот, слободниот пристап на информации и слободната одлука на акционерите што да прават со својот капитал. Јас навистина не знам, заменикот министер е ставен во неблагодарана ситуација, да брани решенија, претпоставувам на министерот за финансии, што жалам што денес не е тука, можеби во Виена се обидува да плати со виза картичка, како што тоа не може да го направи во Штип, но сакам да кажам дека многу лесно да не ги пропуштаме ваквите шанси кога доаѓа збор за крупна работа. Ако сите во оваа сала се согласуваме, а ние сме најмалку од оние што се согласуваат, дека законот за банки е многу битен закон, не или најмалку заради усогласувањето со европските директиви, туку заради потребите на економијата во Република Македонија. Тогаш ајде да ги гледаме работите во светло на Македонија, а не во светло на една Германија или Франција, или Белгија, или Англија кои имаат огромна традиција во банкарското работење и каде што независноста на органите и меѓусебната контрола е на неспоредливо високо ниво од она во Македонија. Токму затоа не може практично пресликување на работи од еден во друг систем.

Објаснвуањето дека тоа е старо решение во законот е дотолку причина да го нема, бидејки токму старите решенија во законот, како што вели Владата во образложениeто на самио текст, биле доволен мотив, не да се оди со измени на постоечките, туку со нов закон за банки и пред нас имаме нов закон за банки. Ако имаме комплетно нов закон за банки, ако менуваме некои одредби, благодарение или во очекување на позитивни работи, дајте тогаш на мала врата да не амнестираме решениај што веќе знаеме дека се лоши и со голема сигурност очекуваме дека ќе бидат лоши. Тоа е крупната разлика и немојте индолентно да се однесуваме кон една вкав работа која утре ќе се врати, или можеби ќе се врати како бумеранг и за странските инвестиции во банкарскиот сектор, но и за постоечкото работење и на банките во Македонија или работењето на берзата и на крај сите негативни последици кои произлегуваат од зборот шпекулација, манипулација, со информациите на самата таа беза. Отаму тоа е последната шанса, бидејки 99% е сличен амандманот на оној на колегата Ќуркчиев и јас лично, да се прифати и на тој начин да се превенира ситуација за која и претходните говорници по овој и по претходниот амандман веќе го кажаа, а како бел ден, од авион се гледа дека може да ни се случат во многу скоро време. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

.За збор се јави пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Во овој член, покрај овие дилеми што ги изнесуваа неколку пратеници, што мислам дека се легитимни и на кои не добиваме сериозен одговор, мислам дека постои уште една техничка која во праксата ќе се претвори во суштинска нејаснотија во законот.

Тука пишува дека лицето, акционерот со квалификувано мнозинство е должно најмалку еден месец пред реализирањето на трансакцијата да ја извести Народна банка за точките од 1 до 4.

Со оглед на тоа што формулацијата “еден месец пред тоа”, е приличбно нејасна мислам дека треба да се доработи, затоа што еден месец пред тоа подразбира, може да се подразбере 31 ден, може да се подразбере 30 дена, може да се подразбере 29 дена, може да се подразбере 28 дена и може да се подразберат 2 дена.

Ако јас сакам да ја направам трансакцијата на 2 септември, јас можам да ја известам Народната банка на 31 август и да тврдам дека, согласно Законот сум го направил тоа еден месец пред тоа, бидејќи август е еден месец пред септември Со оглед дека членот ...

Да, претседателе, сериозно е ова, нема потреба од гримаси.

Еден месец на никото ништо не му значи. И, такви членови...

**Љубиша Георгиевски:** Не правам гримаси, јас се смеам.

**Никола Поповски:** Па не зман дали е смешно тоа што го зборувам, затоа што од праксата сме сигурни дека во законите терминот еден месец не е утврден термин на кој некој може да се повикува. Месеците се со име: Мај, Јуни, Јули, еден месец пред Мај е април. Друго е 30 дена. Тука има и правници кои водат различни постапки, адвокати, бивши судии, па мислам дека е добро во оваа фаза на законот прво да се изјасни предлагачот што мисли под еден месец? Календарски термин или број на денови? Мислам дека од тој агол на овој закон му треба сериозна доработка во овој член за кој што господино Најдовски поднел амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 21, воздржан 1, против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 71 став 4, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Предраг Трпески:** Во член 71 став 4, е регулирана изложеноста спрема лица со посебни права и одговорности, таа не треба да надмине 3% од сопствените средства на банката.

Тие лица, со посебни права и одговорности се всушност раководните лица во банката: директор, раководител на сектор, сите оние кои раководат со банката. Така што, сметаме дека не треба изложеноста на банката спрема раководните лица во банката да надминува 3%. Тоа накратко би било.

И ова е усогласено, исто така, со Базелскиот принцип 11, посебно основен критериум. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Предраг Трпески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам господине претседателе.

Овој амандман го поднесовме од причина што, точно она што го кажа заменик министерот, дека изложеноста спрема лица со посебни права и одговорности и со него поврзани лица не смее да надмине 3% од сопствените средства на банката. Иако знаеме дека изложеноста пак од ставот 1 на овој член, спрема лица и со него поврзани не смее да надмине 25% од сопствените средства на банката.

Имено, бидејќи овде се работи за поврзани лица, што значи се опфаќаат поголем број на лица, цениме дека лимитот од 3% на изложеност на лица со посебни права и одговорности и лица поврзани со нив е навистина низок, особено ако се земе во предвид дека изложеноста спрема акционер, од друга страна, со квалификувано учество во банката, може да достигне и да ја надмине вредноста од 10% од сопствените средства на банката.

Така што образложението не држи дека лица со посебни права и одговорности не треба да овој процент го надминат од 3%. Напротив, цениме, токму поради тоа што се поврзуваат повеќе лица, опфаќа поголем број на лица, овој амандман треба да биде прифатен и процентот да биде ист. Односно, 10%, како и кај лицата со квалификувано учество во банката. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин заменик министер за финансии.

**Предраг Трпески:** Тука е регулирано она што се поврзани лица. Значи, поврзано лице е брачен другар, дете или родител. Така што, кругот е тесен, не е толку широка дефиницијата за поврзано лице.

Кога станува збор за физичко лице, се знае дека поврзано лице е брачен другар, родител или детето. Кругот е доста тесен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор или за реплика се јавувате господине Ќуркчиев?

Реплика на заменикот министер од господинот Никола Ќуркчиев.

Повелете, вашите три минути.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван заменик министре, навистина е дискутабилно сега да зборуваме за родниниte. Иако вие објаснивте што се тоа опфаќа, дека е тоа сопруга или сопруг, деца и тн.

Меѓутоа, ако го земете Предлогот на законот и прочитате токму на страница еден што сте напишале, дека две физички лица се сметаат за поврзани доколку едното физичко лице е брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, а не е кажано дали од исти пол, да речеме, деца или посвоено дете, родител или лице под старателство на друго физичко лице, ќе видите дека тој круг може да биде многу поголем од она што вие го спомнавте. Така што, ценам дека образложението не држи и дека овој амандман треба да биде прифатен. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине замениче сакате контра реплика, повелете.

**Предраг Трпески:** Само едно појаснување.

Овој член во законот, како што беше и со претходниот закон е преземен од Законот за семејство и брачна заедница, како се вика поточно, што значи таму е дефинирано што е поврзано со нив, што е брак.

Да кажеме, точно се знае на директор, на раководител во банка кое ќе биде соодветно поврзано лице со него. Така што, не би требало да дискутираме за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61пратеник, за гласале 14, воздржано 2, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 7, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** При јавната расправа беше дискутиран и овој рок. Остана со банките, банките прифатија, се согласија овој рок да остане три години. Ние мислевме да го скратиме, но не да го продолжиме, но при состанокот со банките, го прифативме нивниот став да остане 3 години.

Значи, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господинот Игор Ивановски повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Јас лично не сум присуствувал на јавната расправа, бидејќи не сум во такво својство, но токму моите информации и контакти со претставници на дел од комерцијалните банки говорат дека дел од нивните барања се однесуваат на зголемување на рокот од три на четири години, во оној дел што подразбира потребно или временска обврска за отуѓување на имотот што е резултат на ненаплатени побарувања.

Во таа насока, практични се потребите на банките искажани од нивна страна, дека рокот од три години е недоволен временски период да сопственоста што тие ја стекнуваат, а е од различен карактер и вид и е резултат на ненаплатени побарувања од коминтентите, имаат обврска да ја оутѓат, но притоа, комерцијалниот аспект подразбира да тие не ја отуѓат таа нова сопственост како ненаплатено побарување под вредноста на ненаплатеното побарување.

Постојат практични ситуации каде што за дел од таа сопственост, што најчесто е од недвижен карактер, недвижен имот, на неколкукратни лицитации или јавни огласи не може да се отуѓи или не ја постигнува вредноста, едноставно банката не може, заради обврската од три години за отуѓвање да тоа го направи во вредност што далеку отскокнува од ненаплатеното побарување.

Токму сугестијата да овој временски период од три до четири години се зголеми е можност да сепак, во подолгиот временски период тие, во зависност од дадените ситуации и најдат купувачи за овој вид на имот, што е резултат на ненаплатените побарувања, а што понатаму, врз база на таа трансакција, ќе бидат избришани од билансите и ставени во вредноста на капиталот на самите банки. Мислам дека една година разлика, од три на четири години, нема драстично да биде пречка за Министерствто за финансии, односно за овој законски текст, а ќе претставува голем плус или поголема можност за банките, од една страна и да ги наплатат ненаплатените побарувања, а од друга страна тоа да го направат по вредност што ќе биде во согласност со минимумот на ненаплатеното побарување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 12, воздржано 2, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 2 во воведната реченица, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Овој амандман е технички, но доколку се прифати вака, тогаш настануваат проблеми во точките 5, 6 и 8.

Значи, не се прифаќа амандманот, ќе настанат уште поголеми забуни.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Никола Ќуркчоев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Овде работава станува повеќе комична, кога и техничките амандмани на опозицијата не се прифаќаат. Што да кажеме за другото. Јас знам дека, можеби, овој закон е закон што поголем број граѓани на Република Македонија не ги интересира. Меѓутоа, многу е интересен и треба да биде интересен за луѓето кои се од финансовата сфера во Република Македонија.

Почитуван заменик министре, не ми е јасно, ако технички или како што вие велите не се прифаќа овој амандман, како е можно или која е логиката, го читам членот 83 ставот 2: "Лице со посебни права и одговорности во банка не може да биде лице член на Советот на Народна банка". Тогш, која е логиката на оваа реченица?

Или, " лице со посебни права и одговорности во банка не може да биде лице". Па било кој да погледа ќе ви каже дека оваа реченица нема логика. И, ако е заради тоа што е предложен од страна на опозицијата, на пратеник од опоицијата, работата е во ред и треба да се одбие, бидејќи не треба ништо да се прифати од нив. Меѓутоа, сакаме да го подобриме законот. Сакаме да бидеме конструктивни, навистина да учествуваме во расправата. Меѓутоа, вака како да го разберам ова? Навистина нема логика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има господинот заменик министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван пратеник,

Не се работи за тоа дека амандманот е отфрлен затоа што е предложен од пратеник на опозицијата. Ви ја прочитавте првата реченица. Еве, и јас ќе ја прочитам:

"Лице со посебни права и одговорности во банка не може да биде лице" и ако го додадеме тоа што вие го предлагате "кое", точка 4 "на кое му е", точка 6 повторно "кое не е". Значи, доколку го предлагате овој амандман, вие би требало да предложите промени во точка 4, точка 6, точка 8 за да нема дуплирање. Инаку, само ова делче "кое е", па потоа точка 4, 6, 8 повторно би се повторувало и други тогаш реченицата нема смисла.

Од тој аспект амандманот е отфрлен, а не затоа што е од пратеник на опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Претпоставувам реплика.

Господинот Никола Ќуркчиев им реплика, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам, доволно беше почитуван заменик министер што укажавте на тоа дека овој член апсолутно не е прецизен. Бидејќи знаеме како ќе се изјасни парламентарното мнозинство, не е апсолутно, свосмислен е членот, а вие укажувате на тоа дека треба да се доработи. Не го прифаќајте амандманот, но направете нешто членот да биде јасен. Ништо повеќе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 63 пратеници, за гласале 13, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 2 за бришење на точка 5, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа од причина што поимот е дефиниран во член 2, точка 28 и истиот е преземен од членот 11 и 12 од Директивата н48 од 2006 година на Европската унија.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе,

Апсолутно е неважно од каде е преземен овој член. сите закони, а и овој Закон, постојниот, за банки, повеќе пати е дораб отуван. Така треба да биде и со овој Предлог. Меѓутоа, го имаме тој хендикеп да бидеме членови на опозицијата.

Имено, ќе се задржам на амандманот. Тоа е дека во членот 83, во ставот 2 точка 5 се вели дека лице со посебни права и одговорности во банката не може да биде лице што не поседува репутација, со што може да биде загрозено сигурното и стабилно работење на банката.

Се разбира дека ова треба да се избрише, повеќе од јасно е, заради тоа што по појмовникот на овој Предлог-закон, според предлагачот, репутација е чесност, компетентност, работливост и поседување на особини што даваат сигурност дека лицето добро ќе ја обавува оваа функција.

Ако е тоа така, почитуван заменик министре, како и според кои критериуми ќе извршите вие рангирање на репутацијата. Повеќе од јасно е дека треба да ја измерите со нешто. Инаку, вака ќе бидете пасолутно, гувернерот е биде злободен да каже некому дека ја поседува таа работа или не ја поседува. Особено ако се работи за луѓе кои навистина можат во иднина да го нарушат или зголемат угледот и довербата на банката.

Според тоа, повеќе од потребно е да се прифати овој амандман и да се избрише точката 5 од

ставот 2 на овој член. Не гледам друга причина како ќе се подобри ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам господине претседател.

Овој амандман има многу практична природа и само дефинира она што е веќе однапред дефинирано.

Ако во претходните членови, ако во претходните точки од истиот член се вели дека лица со посебни права и одговорности не може да биде лице осудено со казна затвор за кривично дело од областа на банкарството и финансиите, или лице на кое му е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност, доаѓаме до ситуација каде што врз база на факти, а фактите значат судски, извршни пресуди, на некои лица не може да им биде дозволено да ја обавуваат таа дејност и да претставуваат лице со посебни права и одговорности во банката.

Зборот репутација, зборот чесност, зборот компетентност, итн., се зборови кои не можат да се измерат подеднакво исто од сите, подеднакво добро од сите и подеднакво објективо од сите. Што ако на пример имаме една хипотетичка ситуација, на пример, можеби во некое време кандидат за вакво лице ќе биде министерот Трајко Славески. Можеби тој тогаш нема да биде министер, за СДСМ тој ќе биде министер кој во директна спогодба во четири очи набавил мазут од ОКТА за 20 милиони евра. По таа некоја логика или аналогија тоа лице ние сметаме дека сторило дело кое ги прекршува нормите, политички, етички, професионални во Република Македонија и од тој аспект тој не може да биде лице кое може да има посебни права и одговорности иако ќе ги задоволи принципите на компетентност, претпоставувам нема да ги има ако сме правна држава ќе ги има овие први точки во делот на прекршочни или кривични санкции од областа на банкарството и финансиите, но како и да е, ќе се доведеме во ситуација на пример гувернерот или некои други, тоа може да биде сосема легитимно и јавноста се произнесуваат за нечија репутација.

Значи, во ваква ситуација мора да се биде многу егзактен, принципиелен и објективен. Тоа не може да се прави со донесување, од прилика, на судови кои се повеќе морални, етички за репутација наспроти оние што претставуваат факти нормативно правни, а за тоа се надлежни единствено судовите на Република Македонија. Тоа е нешто слично како онаа несреќна комисија што ја замислува господинот Андов во делот на лустрацијата. Да се соберат пет-шест луѓе, во овој случај помалку, кои ќе речат ваков или онаков, збор против збор, но без факти. Токму за тоа е сосема доволно да постојат овие два члена во делот на казната затвор и прекршочната санкција и тоа е сосема доволно да се заклучи едно лице може или не смее односно смее или не смее да биде лице со посебни права и одговорности.

Точката 4 во која говориме за репутација не кажува ништо освен што може, а знаеме како лесно се прави, да биде само простор за минипулација и шпекулација како во позитивна насока, па некое лице го направите морално и чесно, а не е или обратно лице кое е морално и чесно да го направите не морално и нечесно. Тоа е само инструмент кој е политички и може многу лесно да биде злоупотребен. Затоа треба да се држиме до Кривичниот законик, треба да се држиме до претходните закони кои санкционираат нелегално, нечесно, па дури ако сакате и некомпетентно однесување и врз база на тие одлуки да заклучуваме односно гувернерот да заклучува кој смее, а кој не смее да биде лице со посебни права и одговорности. Во спротивно ќе дадеме една алатка, како оние во супермаркетите кои лепат цени некој, во зависност од потребите, залепи некоја етикета на некој човек без при тоа да одговара за искажаниот збор, без притоа да одговара за искажаните навреди или без притоа во друга ситуација да одговара за невистините фалења или етикетирања како чесен и нечесен.

Оттаму сметам дека иако ова беше говорено од страна на колегите во општата расправа за законот дека за овој амандман со кој ќе се брише оваа точка 4 ќе се овозможи да се движиме во рамките кои ги поставува Уставот и законите кои го регулираат однесувањето спротивно на законите во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Ќе зборувам за точката 5 од ставот 2. Мислам дека сепак има смисла што е напишано, не е така арбитрарно како што изгледа. Не може се да се напише. Може да биде ценето и оценувано дали е чесно, дали е компетентно, дали има компетентност кај човекот итн.

На пример, може да се јави да работи, да сака да работи во банка човек што водел голема фирма, а таа банкротирала. Тој човек не е осуден за тоа. Сигурно тој човек нема да и донесе репутација на банката.

Сега имаме еден случај со господинот Волковиц, претседател на Светската банка. Човекот не е суден. Меѓутоа, тоа што го направи не е чесно. Го оценија и сам си отиде. Има неверојатно многу кои можат да се оценат, верувајте. Банкарството е такво што сепак треба да се води сметка луѓето да бидат со репутација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Игор Ивановски, вашите три минути, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Сега не стекнав впечаток дали господинот Андов го поддржува, а претпоставувам дека го поддржува она што е напишано, а не го поддржува амандманот.

Но, сите овие примери кои тој ги наведе се регулираат многу јасно од страна на акционерите кои ги избираат лицата со посебни права и одговорности. Зарем мислите дека некои акционери ќе сакаат да остават да ги раководи некој што има лоша репутација и дека таа репутација доколку е лоша ќе се пренесе на банката, а со тоа ќе се пренесе на лошото работење и намалување на профитот? Не. Јас не знам таков човек кој сака да ги додели на управување и раководење своите пари на човек кој, заради репутација, може да му ги загрози. Тоа се регулира на друг начин. Не се регулира со зборови кои произлегуваат од моралот, етиката, па ако сакате и од библијата и слични дела во Закон за банки. Збор репутација, доколку не е јасно поврзан со конкретни факти и дела не кажува ништо. Толку е широк, толку е нецелосно дефиниран да може да биде предмет на различни толкувања и дека дебатата на крај ќе се сведе за репутација наместо за компетентност што е клучен фактор за луѓето да раководат со комерцијалните банки. Тоа најдобро ќе си го регулираат иако ќе го доделат раководењето со своите средства на лица кои ќе имаат желба за тоа и кои ќе бидат подготвени да одговараат како пред акционерите така и согласно Уставот и законите на Република Македонија. Конкретно и за оние примери кои ги кажавте, доколку и се случи, хипотетички, за сегашниот претседател на Светската банка повеќе да не ја раководи светската банка, мислите дека тој повеќе нема да раководи некоја банка на друг начин, на друго место? Што, тој ќе престане благодарение на овие ситуации да биде еден од врвните банкари во светот? Не. Бидејќи во светот знаат да се препознаат компетентните карактеристики на некој човек, а репутативните за кои вие велите, претставуваат предмет на дискусии, на расправи, на заклучоци кои се на крајот на краиштата варијабилни. Да не заборавиме дека моралот го пишуваат луѓето и тој во дадени временски периоди се менувал, но базичните критериуми остануваат оние кои се напишани во законите кои не дозволуваат работење спротивно на законите. Сето останато е предмет на реторика, на вербални убедувања и вербални докажувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сакате реплика господине Андов?

Контра реплика од една минута.

**Стојан Андов:** Имав добра намера да се разбереме дека напишаното во законот има основа и може да се објасни, има своја тежина.

Ако на некој репутација му е само чесност, а не и компетентност, тоа е друга работа, кој како разбира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Мислам дека овој член 84 став 2 точка 5 кој е предмет на амандманот на Ивановски и Ќуркчиев по објавувањето и спроведувањето на законот ќе предизвика контроверзи во јавноста односно ќе предизвика контроверзи во спроведувањето на законот.

Јас мислам дека европските директиви за репутација треба да се дел од нашата легислатива. Исто така мислам дека статутот на репутација треба да биде вграден или механизмот на репутацијата треба да биде вграден во законот на начин кој се предлага во членот 83 иако тој предизвикува огромни дури на граница на издржливи компетенции уредени со овој и со други закони на гувернерот на Народната банка.

Со оглед дека во Македонија егзистираат голем број на банки, без разлика како на пазарот во иднина ќе се преструктуираат на еден или на друг начин, огромен број на луѓе,согласно овој закон се засегнати или ќе бидат засегнати од точката 5 ставот 2 да поминат низ принципот на лиценцирање и врз основа на тој прицнип да го добијат сертификатот за поседување репутација од страна на тој кој ги лиценцира во овој случај Централната банка на Република Македонија.

Не гледам дека е многу спорно тоа да биде вградено во законот. Меѓутоа, она што мислам дека е спорно е начинот на кој е вграден. Во членот 2 кој го уредува зборот репутација, за што некои колеги зборуваа, зборот репутација е сведен на квалификатив, а не на квантификација. Зборовите чесност, работливост и особини кои даваат сигурност се квалификативи кои подлежат на лично пресудување од страна на тој кој го одобрува лицето, односно го лиценцира лицето во овој случај Народната банка или централната банка на државата.

Со оглед дека има квалификативи, наместо квантификативи не во членот 83 за кој расправаме, туку во членот 2 каде се уредува што е репутација, веднаш со овој закон гувернерот на Народната банка и сите банки во иднина ќе бидат доведени во ситуација во која ќе бидат постојано предмет на јавни несогласувања и предмет на одбрана на своите позиции. Во законите не гледам дека пишува дека е должно образложение да се даде за некој дека нема репутација или барем во законите близнаци кои требаше заеднички да дојдат, да видевме дека ако некој соопшти, а тоа може да биде гувернерот на Централната банка, на Народната банка на Република Македонија, дека некој не поседува репутација, дека тоа треба да го образложи. Се плашам дека вака напишано дава само дискреционо право за што, во основа, јас не сум присталица. Значи сум, приврзаник. Јас сум приврзаник на институтот репутација, меѓутоа, формулиран на овој начин со огромно дискреционо право на монетарната власт односно во овој случај на супервизорската функција на гувернерот на Народната банка може да

предизвика сериозни проблеми и тоа ќе предизвикува затоа што може да го доведе гувернерот во ситуација да не биде одговорен, а тој е заштитен со законите на Народната банка и со Уставот во механизам кој го познаваме сите, да не го образложувам, независен да може да ја извршува функцијата на начин, кој ќе го доведе во ситуација дискреционите права да ги злоупотребува.

На пример, јас лично мислам дека во случајот на Република Македонија во овој момент ние имаме гувернер кој овој закон, познавајќи ги неговите работни, карактерни, стручни компетентни особини нема да му претставува пречка да ја злоупотребува функцијата. Меѓутоа, не сум сигурен дека во Македонија секогаш ќе имаме такви гувернери и од тие причини денеска треба да разговараме за институцијата гувернер која ги има овластувањата во овој закон да оценува дали некој поседува репутација која е исклучиво врз основа на квалификативи без никакви други критериуми. Дури сум приврзаник европската директива за репутација во законот да биде третирана посоодветно. Тоа што е ставено во членот 2 точка 28 на почетокот на законот мислам дека нужно мора во членот 83 или во некој друг член од нормативниот дел на законот, а не кај дефинициите да образложи што значи репутација кога има зборови какви што се особини кои даваат сигурност. Значи, дали Никола Поповски дава сигурност дека добро ќе управува со банката. Ако го прашате Игор Ивановски тој ќе каже да, ако го прашате Шамбевски, тој ќе каже не.

Јас не сум сигурен дека овие критериуми на репутација се доведени на ниво на објективизирана репутација. Гледаме дека и во овој момент во Република Македонија гувернерот, не гувернерот туку Централната банка, тој е само претставник на Централната банка, државата има проблем со управувачките фнкции во банките и знаеме дека често супервизорската функција на Централната банка во Република Македонија се употребува за да се спречи поседување на акции, учество во управни одбори, учество во надзорни одбори, давање на лиценца или како се вика по законот и дека со овој закон ќе се предизвикаат дополнителни недоумици во раководењето со банките. Меѓутоа, за жал, сега имаме избор или да гласаме да ја нема репутацијата како критериум за лица кои вршат одговорни функции во банката кои се дефинирани со законот или да ја има на начин кој законот ја формулирал. Тој закон формулирал, ќе повторам, само со квантификативи. Сега претседателе кој е нашиот избор? Јас ќе ви кажам кој е нашиот и вашиот избор. Нашиот и вашиот избор за кој господинот Андов мислам дека несвесно допре до тоа или го кажа за дуго, јас сакам да го генерализирам, дека овие закони не можат да се носат вака. Владата работела на него година ипол. Да, работела и јас сум работел на овој закон кога бев во Министерството затоа што од тогаш е започнат. Меѓутоа, ни на крај памет не ми паѓа дека Законот за банки кој е еден од најсложените, еден од најтешките во секое законодавство се носи преку ноќ, во една фаза. Сега, како пратеник да може да формулира без никакви стручни сознанија околу него што поимот репутација или институтот репутација во законот треба да содржи. Имаме избор или како амандманот на господата Ивановски или Ќуркчиев да се избрише со што ќе се направи мало зло или да се задржи, што инсистира Владата, со тоа што ќе се направи друго мало зло, да му даде дискрециони овластувања на гувернерот на централната банка ова да може да го прави.

Во тој случај мислам дека единственото разумно решение е законите да поминуваат во некоја процедура која нам ни е потребна. Надлежното собраниско тело не може да го гледаат законот, на Собранието му е дадено три дена да поднесеме амандмани и после како поминува времето како повеќе и повеќе го проучувате законот сфаќате дека алките помеѓу различни членови не се добро уредени и сега заменикот министер се повикува на член дека не треба да се избрише и јас не би го избришал доколку е уредено што е репутација, завршувам господине претседателе, една две минути, ако имате трпение за да не се пролонгира, да се вратам, заменикот министер можеби со право упатува дека тоа е уредено со директивата, меѓутоа, во членот 2 извинете, е недоволно формулација по мене и заслучува во нормативниот дел од законот институтот репутација да биде образложен, сериозно образложен, затоа што замислете утре сопствениците избрале надзорен одбор и управен одбор на кој Народната банка покажува дека не може да ги извршува тие функции затоа што ги загрозува интересите на депозитарите на правните или на физичките лица. Сите ние имаме некој депозит во некоја банка и сите правни лица по сила на некој друг закон. Не може трговско друштво да нема депозит во банка. Затоа Народната банка треба да го штити интересот на тие депозити таму или на штедните влогови на физичките лица. Меѓутоа, да го штити со дискреционо овластување кое не е квантифицирано во законот, мислам дека е процедура која постапно треба да се оддалечува од Република Македонија. Затоа се наоѓаме во два контрадикторни амандмани кои можат да се извлечат само ако сериозно се расправа во институциите и после да се оди уште во една фаза. Тоа во овој момент не е случај и јас мислам дека сме доведени во ситуација дека го доведуваме и гувернерот, било кој, не зборувам поединечно, кажав што мислам за сегашното решение и луѓето кои инвестираат во банкарскиот бизнис да не можат до  крај да бидат сигурни дека слободата на пазарот е загарантирана. Во овој случај мислам дека слободата на пазарот во банкарска смисла е ограничена од субјективна проценка на супервизорскиот орган, што мислам дека не е интенцијата на директивата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам службите да утврдат колку се присутни пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме на гласање.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Нема доволно.

Во тој случај пауза до 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,05 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15.53 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Бидејќи во салата има доволе број на пратеници продолжуваме со работа.

Претресот по амандманот на член 83 став 2 за бришење на точка 5, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Претресот по овој амандман е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 59 пратеници, од нив 9 гласаа за, воздржано 3, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 3 точка 6, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа, затоа што и во член 95 став 1 е дефинирано дека оваа организациона единица се вика служба, така да парцијално само во овој член да се промиени називот, не е добро затоа што ќе предизвика конфузија. Тоа значи дека треба да се направи низ целиот закон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Можеби многу подобро ќе беше заменикот министер да каже кои се амандмани ќе бидат прифатени, па да за истите дискутираме. Вака навистина и покрај 20-на амандмани да не се прифатат дури и оние кои се технички кои што го подобруваат текстот, навистина само по себе зборува за конструктивноста од страна на предлагачот. Имено, се работи за член 89 во кој што се регулира работењето на надзорниот одбор, односно надзорниот одбор врши надзор на работењето на управниот одбор и го обврзува да изврши ревидирање на политиките и финансиските активности кои што ги врши управниот одбор и го надгледува нивното спроведување.

Со амандманот кој што го предлагаме, се врши терминолошко прецизирање, бидејќи зборот “служба” упатува на навистина еден друг вид на организациона единица што најчесто не се вклопува во организационата поставеност на банките и во разговор со многумина кои што ја познаваат многу подобро оваа материја беше забележано дека ова треба да се промени. Значи, терминот организациона единица претставува еден општ поим и се отвора простор на банките сами да го определат видот на организационата единица за внатрешна ревизија.

Ценам дека ако предлагачот навистина, врши терминолошко прецизирање, или сакаме да извршиме прецизирање на текстот, не гледам навистина, никакви причини зошто не се прифаќа овој амандман.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине заменик министер повелете имате збор.

**Предраг Трпески:** Не е само техничка работа. Ако се промени според амандманот во членот 89 називот “организира служба” и се стави “организациона единица”, тогаш што станува со другите членови каде што член 95 се дефинира оваа служба. Така да, не е само технички амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Ќуркчиев имате реплика од три минути, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Ќе дојдеме и до член 99 почитуван заменик министер, меѓутоа, со амандманот можеше многу лесно да се среди работата и навистина да имаме терминолошко прецизирање на работите, бидејќи зборот “служба” упатува на една општа би рекол, организациона поставеност на било која да речеме организациона шема на било која организација. Затоа ние предлагаме дека организациона единица е посоодветен, поопшт термин и остава банките сами да го определата видот на организационата едница за внатрешна ревизија. Инаку, ако зборуваме и за членот 95 и за другите членови, тогаш ќе дојдеме повторно до констатација дека се зголемува, да не речеме енормно бројот на позициите кои што треба да бидат повторно пополнети. Јасно е зошто се прави тоа. Не секогаш тоа носи поени и го подобрува работењето на банките, меѓутоа, ќе зборуваме веќе од наредните членови за таа работа. Мислам дека веќе беше констатирано дека тенденцијата на зголемување на процесот на зголемување на администрациите во банките и на бројот во органите, значи, собрание, надзорен одбор, итн, а и составот на членовите на овие спомнати органи, претставува еден нов вид за кои

што банките допрва ќе се изјаснат дека го усложнуваат нормалното работење на овие финансиски институции.

Инаку, ако го земете само надзорниот одбор, ќе видиме дека одеднаш од член 88 па натаму го сочинуваат најмалку 5, но не повеќе од 9 члена, но велам, кои аргументи да бидат изнесени предлагачот одлучил веќе дека нема да биде прифатен ниту еден амандман од страна на опозицијата. Така да, не останува ништо друго, туку едноставно, да се изјасниме по амандманот и би ги замолил колегите да гласаат за амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманто.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, за амандманот гласаа 11, воздржано 4, против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 89 став 3 за бришење на точка 17, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Господине Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Да се обидам уште еднаш да кажам зошто го поднесовме овој амандман.

Амандманот на членот 89 став 3 точка 17 кој вели дека надзорниот одбор ги врши и следните работи односно одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на банката. Нормално е, предлагаме тоа да се брише од едноставна причина што со амандманот се предлага заради тоа што надлежноста на надзорниот одбор да одобрува изложеност спрема поединечно лице од над 10% од сопствените средства на банките, може да предизвикува проблеми во оперативното работење на банките.

Одлуки за изложеност над 10% од сопствените средства на банките се носат на дневна основа, а според Законот надзорниот одбор одржува седници така како што е предложено, еднаш месечно и е составен само од надворешни членови. Можеме да видиме всушност каква конфузија владее во предложениот текст. Бидејки имаме амандман тоа да не биде еднаш месечно односно подоцна ќе зборуваме и за Одборот за ревизија и т.н., така што сите тие кои имаат можност да го прочитаат законот ќе видат дека дополнително во банките треба да се воведе нова служба само за подготвување на седниците. Токму од тие причини, почитуван заменик минситер, мислиме дека овој амандман треба да биде прифатен.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе приајвено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, 12 гласаа за, 2 воздржани, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 90 став 4, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, господинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека предлагачот прави една крупна грешка со неприфаќањето на овој амандман од едноставна причина што предложениот амандман во член 90 вели “Одборот за управување со ризици се состанува најмалку еднаш неделно”. Тоа впрочем е она што веќе го зборуваа поголем број на пратеници дека на овој начин се оптоварува функционирањето на Одборот со подготвување и реализација на седниците. Едноставно може сериозно да се доведе основната дејнсот на банката поради, едноставно кажано, честите заседанија на вакviот Одбор. Одборот за управување со ризици би можело еднаш месечно или двапати во месецот да се состанува. Меѓутоа, вака еднаш неделно, сите оние кои ја познаваат оваа материја, мислам дека ќе се согласат дека вака како што е понуден текстот опстојувањето би значело дополнително оптоварување на органите на банката со постојани подготовки на следните седници или на одржување. Ако знаеме што се работи овој орган, тогаш не гледам нависитна, почитуван заменик минситер зошто во предложениот текст е предложено вакво нешто. Имено и до сега кога зборувавме за олеснување на работата на банките, кажавме дека тие треба да бидат во функција на клиентите, во функција на граѓаните, а не да се занимаваат сами со себе. На ваков начин само покажуваме дека ни одалеку не сме ги смениле старите навики да држиме само состаноци или да се држат непотребни состаноци кои од една страна, оние кои се вработени во банките ќе кажат дека се усложнува нивната работа, а од друга страна клиентите ќе се жалат на тоа дека одобрувањето или неодобрувањето

на нивните барања ќе оди во недоглед. Имено ако се знае дека понекогаш овој ист одбор може да заседава повеќе денови и за повеќе активности. Од тие причини ценам дека Одборот за управување со ризици, не треба да се состанува еднаш неделно, туку тоа треба да го прави најмалку двапати месечно, или така како што е дадено во амандманот, да се состанува на две недели. Но, што е тука е.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Продолжуваме со работа.

Претресот по амандманот на член 90 став 4, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 61 пратеник, 12 гласале за, воздржани 3, против 46,

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 92 за менување на став 3, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, господинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 56 пратеници, 10 гласале за, воздржани 3, против 43,

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 113 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратениците Игор Ивановски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, господинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Може ли предлагачот да ни објасни зошто не гоприфаќа овој амандман, ако воопшто оваа материја не е регулирана во законот.

Како е можно да не се прифати овој амандман.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор заменик  министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Не може во овој закон да се прифатат одредби кои се однесуваат на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Тука станува збор за здружувања на банки. Од тој аспект амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван заменик минситер, не ни мислев дека носиме закон за Здруженија на граѓани туку за банки.

Во членот 113 по ставот 4 бараме да се додаде нов став 5 кој гласи - на организирањето на здруженијата на банките соодветно се применуваат одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации. Имено, амандманот се предлага од причина што во делот на здружување на банки недостасуваат одредби за организирање на здруженија на банки и нивниот упис во соодветен регистер.

Упатувањето на соодветна примена на законот за Здруженија на граѓани, како што вие велите дека не носиме закон за здруженија на граѓани, ќе овозможи уредување на овие прашања кои воопшто не се регулирани во делог на здружување на банки.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, 10 гласаа за, 2 воздржани, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 174, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, господинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Ова е член од законот што Уставниот суд ќе ни го врати на повторно разгледување. Имено, ако донесувањето на овој закон беше оценет како еден од клучните закони за исправање на системски недоречености во досегашниот закон и ако буквално сите до еден пратеник што земаа збор во расправата, се согласија дека нависитна се преголеми овластувањата на гувернерот на Народна банка и ако се земе предвид досегашното, би рекол негативно исксутво со гувернерите, апсолутно предлагачот не треба да размислува зошто овој амандман треба да биде прифатен. Имено предложениот текст во членот 174 уставно не е одржлив од причина што по решенијата на гувернерот на Народна банка на Република Македонија не се дозволува жалба и истите се сметаат за конечни.

Член 174 вели: “против решенија на гувернерот донесени врз основа на овој закон не е дозволена жалба и истите се конечни по управна постапка”.

Јас ценам дека за оваа одредба потребно е други институции надвор од Народна банка на Република Македонија да одлучуваат по изречените мерки и мислам дека до колку се усвои така како што е предложен овој член, тогаш тоа ќе биде спротивно на Уставот на Република Македонија и ше си биде по онаа старата “Кадија те тужи, Кадија те суди”.

Почитуван заменик минситер, едноставно кажано, овој амандман мора да биде прифатен. Тврдам дека Уставниот суд ќе го поништи. Токму од тие причини ги повикувам и колегите да гласаат за амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 61 пратеник, 13 гласале за, воздржани 3, против 45,

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 193, за бришење на став 6 поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, господинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Повелете господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, бидејки ова е последен амандман, видовме како поминаа сите амандмани на опозицијата, мислам дека нема потреба од образложение зошто го повлекувам овој амандман.

**Бесим Догани:** Значи амандманот е повлечен од страна на предлагачот господинот Никола Ќуркчиев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, за Предлогот на законот гласаа 59 пратеници, од нив 50 гласале за, воздржани 6, против 3.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за банки.

Почитувани дами и господа пратеници, според однапред договореното сценарио, тука ја прекинувам денешната седница.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со 34-та седница.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот)